СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

## КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА

# КАКО НА НАЈДОБАР НАЧИН ДА СЕ ИСКОРИСТИ КОНФИСКУВАНИОТ ИМОТ ОД СТОРЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА?

Предмет на кратката информација е *постоечкото законодавство односно начинот на кој во определени држави (вклучително и нашата) е уредено управувањето, користењето и располагањето со конфискуваниот имот, имотната корист и предметите одземени во кривична и прекршочна постапка.*

Табела[1]

| Држава | Дали постои посебно законодавство? | Учество на граѓанското општество | Законско решение |
|---|---|---|---|
| **Албанија** | Да | Не | Со конфискуваниот имот може да се управува во јавен интерес или да биде продаден. Нема конкретни правила за посебна употреба на таквиот имот. |
| **Австрија** | Да | Не | Конфискуваниот имот станува сопственост на Република Австрија, 20% се наменуваат за Министерството за внатрешни работи. |
| **Белгија** | Да | Не | Конфискуваниот имот се продава на аукција во корист на општиот буџет; одредени предмети (возила, ИТ опрема) можат да бидат достапни за употреба од страна на полицијата. |
| **Хрватска** | Не | Не | Конфискуваниот или на друг начин одземениот имот и припаѓа на државата. |
| **Кипар** | Не | Не | Доколку е незаконски, конфискуваниот имот се уништува, се враќаат на сопственикот доколку е можно или се даваат на |

[1] Податоците се преземени од Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД) – прашалник бр. 4923; https://ecprd.secure.europarl.europa.eu/ecprd/private/request-details/666400

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | аукција во корист на државата. |
| **Чешка** | Не | Не | Конфискуваниот имот останува во сопственост на државата. |
| **Данска** | Не | Не | Не постојат конкретни правила, имотот оди во трезорот. |
| **Естонија** | Да | Не, меѓутоа граѓанските организации можат да бидат корисници. | Конфискуваниот имот оди во државниот трезор. Определени предмети можат да се направат достапни за користење од страна на јавноста, најчесто на државни институции, но и на граѓанските организации; или се даваат на аукција. |
| **Финска** | Не | Не | Сите конфискувани средства освен оние кои мора да бидат вратени или на друг начин да се искористат за надомест на жртвата, одат во трезорот, каде што се користат за трошоците на државата како што налагаат уставните правила за буџетска одговорност. |
| **Франција** | Да | Не | Конфискуваниот имот (освен оној кој е потребен за исплаќање на криминалните долгови) е управуван од специјално тело *l'Agence de gestion et de recouvrement des avoirs saisis et confisqués* (AGRASC) и може да им се стави на располагање на здруженијата и фондациите кои дејствуваат во јавен интерес. |
| **Грузија** | Да | Не | Конфискуваниот имот се користи за обештетување на жртвите, а со остатокот управува Министерството за финансии и може да ги додели средствата на локалните власти или на други организации за социјални цели. |
| **Германија** | Да | Не | Конфискуваните предмети може да се стават на располагање за потреби од јавен интерес, конфискуваните пари или парите од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | продажбата на конфискуваниот имот се ставаат на сметка на државниот буџет. |
| **Грција** | Да | Не | Одредени конфискувани предмети може да се стават на располагање на полицијата, крајбрежната стража, противпожарната служба или на затворската управа. |
| **Унгарија** | Да | Да, Советот за донации учествува во процесот за донесување на одлуки | Унгарското законодавство дозволува користење на одредени категории на конфискувани предмети во добротворни цели, со учество на Советот за донации. |
| **Исланд** | Не | Не | Конфискуваниот имот е во сопственост на државата. |
| **Латвија** | Да | Не, меѓутоа организациите на граѓанското општество може да бидат корисници. | Половина од приходите од продажбата на конфискуваните средства (до 2 милиони евра годишни) се доделуваат на фонд кој е основан за поддршка на борбата против економскиот и финансискиот криминал, како и за поддршка на жртвите. |
| **Литванија** | Не | Не | Конфискуваните добра се продаваат во корист на буџетот или пак се уништуваат. |
| **Молдавија** | Да | Не | Конфискуваниот имот се продава во корист на буџетот или се пренесуваат на локалните власти, во одредени случаи бесплатно им се даваат на сиропиталишта или други установи за социјална заштита. Недозволените производи и тутунските производи контролирано се уништуваат. |
| **Црна Гора** | Да | Не | Конфискуваните приноси од криминалните дејствија стануваат државна сопственост, имотот односно предметите може да се распродадат во корист на државата, доколку не се донирани за добротворни цели или |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | искористени од страна на државните органи. |
| **Норвешка** | Да | Не | Конфискуваните средства од криминални дејствија стануваат сопственост на државата или се обесштетуваат жртвите; во исклучителни ситуации конфискуваните предмети стануваат достапни за јавноста (на пр. алатките користени за кражба можат да се дадат на занаетчиските училишта). |
| **Полска** | Не | Не | Конфискуваниот имот или средства одат во државниот буџет; „Фондот за правда“ во корист на жртвите на криминал и за затворениците кои ја отслужиле својата казна откако ќе излезат од затвор за што одлучува судот. |
| **Португалија** | Да, но не конкретно за социјална употреба | Не | Конфискуваниот имот оди во државниот буџет, нема конкретно законско решение за неговата употреба во социјални цели |
| **Романија** | Да | Не | Конфискуваниот недвижен имот може да биде пренесен на јавните институции и добротворни организации; може да биде продаден. Приходите се делат меѓу различните министерства за образовни, социјални и други јавни цели. Поради недостаток на јасни критериуми и процедури за следење, распределбата на конфискуваните средства ретко се случува во пракса. |
| **Словачка** | Да | Не | Доколку конфискуваните средства се сметаат за неупотребливи се нудат на продажба или се донираат. |
| **Словенија** | Да | Не | Конфискуваниот имот може да се продаде во корист на државниот буџет, а доколку тоа не е изводливо, може да се донира во добротворни цели. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Конфискуваните незаконски стекнати средства се префрлаат во државната каса. |
| **Шпанија** | Да | Не, но невладините организации можат да бидат корисници | Конфискуваниот имот може да биде продаден во корист на државниот буџет. Специјална постапка постои во криминалите поврзани со дрога: поврзаните средства ќе бидат искористени за финансирање на рехабилитација или слични програми, вклучувајќи ги и невладините организации. |
| **Шведска** | Не | Не | Конфискуваните средства одат во Буџетот на државата, а доколку се работи за предмети кои не можат да бидат продадени, се уништуваат. |
| **Швајцарија** | Да, на федерално и на кантонско ниво | Не | Конфискуваните предмети се дистрибуираат на федерално односно кантонско ниво, во зависност од тоа за каков случај се работи, и можат да се отуѓуваат слободно од страна на корисниците. |
| **Турција** | Да | Да, турскиот Црвен крст и Федерацијата за правата на животните. | Конфискуваните средства кои се резултат на кривични дела припаѓаат на државата, конфискуваното оружје и муниција се сопственост на безбедносните власти. Средствата конфискувани на царина може да му се стават на располагање на Црвениот крст за социјални цели или, во случај на конфискувани шверцувани животни се даваат на федерацијата за заштита на животните за да им се обезбеди хуман третман. |
| **Обединетото Кралство** | Да, посебно и добро развиено законодавство | Да | Конфискуваните средства се користат за надомест на жртвите, вклучително и кога жртва е странска држава; останатите средства се користат во јавен интерес во согласно Шемата за поттикнување за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | враќање на имотот (*Asset Recovery Incentivation Scheme* (ARIS)) за проекти за понатамошно зајакнување на Шемата, потоа за финансирање на локални шеми. |

Од табелата може да се забележи дека во повеќето од државите постои определено законодавство кое се однесува на процесот на конфискација, некои од нив со детални и добро осмислени одредби за тоа која е крајната дестинација на конфискуваните средства. Интересна карактеристика е тоа што **во некои од државите постои специјално тело кое е задолжено за управување и ликвидирање на конфискуваните средства** (Франција, Португалија, Шпанија, Словенија, Молдавија, Обединетото Кралство). **Конфискуваните средства се користат и за цели на „репаративна правда“** односно за надомест на штета на жртвите од кривичното дело – во Шпанија средствата добиени од криминал со дрога; во Латвија, од економски и финансиски криминал; во Обединетото Кралство и Франција, без ограничувања околу видот на криминалот. Некои од државите, Белгија, Грција, Црна Гора, Романија, експлицитно дозволуваат **користење на соодветни конфискувани предмети** (автомобили, бродови итн.) **или конфискувани средства од страна на полицијата или други јавни органи.** Можноста за **употреба на конфискуваните средства во добротворни или други општествено корисни цели**, постои во Албанија, Естонија, Франција, Грузија, Унгарија, Молдавија, Црна Гора, Норвешка, Романија, Словенија, Шпанија, Турција, Обединетото Кралство. Единствено само во две држави граѓанските организации имаат право на збор во однос на распределбата на конфискуваните средства – во Унгарија преку „Добротворниот совет“ и во Обединетото Кралство преку полицијата и комесарите за криминал, додека во Естонија, Франција, Грузија, Унгарија, Латвија, Романија, Шпанија и Обединетото Кралство може да бидат и корисници на таквите средства.

Во Република Северна Македонија ова прашање е регулирано со **Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка**[2] **и со Правилникот за постапување со одземен имот[3]**. **Агенцијата за управување со одземен имот[4]** управува со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети. Агенцијата ја спроведува постапката, го чува и складира одземениот имот, врши процена, го дава во закуп конфискуваниот имот, води евиденција на целокупниот одземен имот, го продава одземениот имот и изработува статистички, финансиски и други извештаи за одземениот имот. Судот или друг државен орган кој донел конечна правосилна одлука или одлука за привремено одземање на имот, имотна корист или предмети веднаш ја известува Агенцијата и на истата и ги

[2] Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, http://www.odzemenimot.gov.mk/z%D0%B0k%D0%BEni-i-p%D0%BEdz%D0%B0k%D0%BEnski-%D0%B0kti.aspx

[3] Правилникот за постапување со одземен имот http://www.odzemenimot.gov.mk/VPP/Documents/%D0%BF%D0%A0%D0%90%D0%92%D0%98%D0%9B%D0%9D%D0%98%D0%9A%20%D0%97%D0%90%20%D0%9F%D0%9E%D0%A1%D0%A2%D0%90%D0%9F%D0%A3%D0%92%D0%90%D0%8A%D0%95%20%D0%A1%D0%9E%20%D0%9E%D0%94%D0%97%D0%95%D0%9C%D0%95%D0%9D%20%D0%98%D0%9C%D0%9E%D0%A2%20%D0%A1%D0%9B.115-13.pdf

[4] Агенција за управување со одземен имот на Република Северна Македонија; http://www.odzemenimot.gov.mk/

предава одземените предмети, конфискуваниот имот и имотната корист. Агенцијата веднаш врши проценка на нивната пазарна вредност од страна на овластен проценител при што може да користи услуги и од други овластени проценители и истата се доставува до надлежниот орган, надлежниот Суд, Јавното Обвинителство, Државното правобранителство и лицето од кое е одземен имотот. **Во зависност од тоа за каков имот, предмет или приходи се работи, се постапува соодветно и според постоечките правила.** На пример, одземените предмети од посебна, научна или уметничка вредност, Агенцијата ги предава на чување во соодветна институција надлежна за чување на овој вид предмети. Привремено одземените скапоцени камења, благородни метали Агенцијата ги предава на чување на Народна Банка на Република Северна Македонија. Доколку е одземен недвижен имот со правосилна одлука, Агенцијата ја известува Владата на Република Северна Македонија која може да донесе одлука за **отстапување на недвижниот имот на друг државен орган без надоместок**, во согласност со закон. Агенцијата го продава недвижниот имот и предметите одземени со правосилна одлука веднаш по правосилноста на одлуката, а добиените средства **се уплатуваат во Буџетот на Република Северна Македонија.** Одземените наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори се предаваат на чување во Агенцијата или доколку во Агенцијата не постојат услови за чување - тие се чуваат кај надлежен државен орган што ги исполнува пропишаните услови за нивно чување. Заради потребите за едукација и оспособување судот може да донесе одлука примерок од одземените наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори **да биде отстапен на соодветна институција која врши научни истражувања**. Оружјето, муницијата и експлозивниот материјал поради немање услови за чување Агенцијата ги предава на чување во Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана. Продажбата на одземените предмети, имот и имотна корист согласно овој Правилник се спроведува по пат на јавно наддавање и се продаваат на купувачот кој што понудил највисока цена. Купувачот е должен веднаш по заклучувањето на јавното наддавање понудената цена **да ја уплати на сметка на Буџет на Република Северна Македонија. Одземениот друг имот кој не може да се продаде поради здравствени, ветеринарни, фитосанитарни, безбедносни и други причини, се уништува.**

Изработила: Ивана Арсовска Трајановиќ

Одобрила: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

________________________

м-р Златко Атанасов

***Скопје, март 2022***